Врз основа на член 79, став 2 од Законот за градење ("Сл.весник на РМ" бр. 103/2009, 124/2010, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и "Сл. Весник на РСМ бр.244/19 и 18/2020, 279/2020, 96/2021, 227/2022, 111/2023, 115/2023 и 224/2024"), член 22, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/2002), член 15, став 1, точка 1 и член 45 од Статутот на општина Валандово, Советот на Општина Валандово на петтата редовна седница, одржана на ден 26.12.2025 година донесе

**ПРОГРАМА**

за поставување на урбана опрема во Општина Валандово за 2026 година

**А.** Под урбана опрема се смета: опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско – конзуларни претставништва, на објекти на ограните на државната управа и на резиденцијалните објекти, опрема во функција на туристички, културни и спортски настани, јавни санитарни јазли, тераси со или без настрешници, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, рекламни и информативни паноа, детски игралишта, настрешници кои се поставуваат на јавна површина, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.

**Б.** Со оваа програма се утврдува видот, големината и локациите на кои може да се постави урбаната опрема.

Б-1. На градското шеталиште и на плоштадот во Валандово се дозволува поставување на тераси со или без настрешници.

Б-1.1 За терасите пред угостителските објекти на источниот крак на улица Маршал Тито, максималната површина која може да ја зафаќаат терасите да биде ограничена со ширината на угостителскиот објект и длабочина до 1,5 м до канавката за прифаќање на атмосферската вода од шеталиштето и плоштадот.

По исклучок од претходниот став на оваа точка доколку не е поднесено барањето за поставување на урбана опрема од деловните објекти од спротивната страна на улица Маршал Тито, максималната површина која може да ја зафаќаат терасите да биде ограничена со ширината на угостителскиот објект и длабочина до канавката за прифаќање на атмосферската вода од шеталиштето и плоштадот. Во вакviот случај согласно просторните услови на улица Маршал Тито да се води сметка да во секој момент да има минимум 3,0 м слободен простор за непречена комуникација на специјални возила. Одобрението за поставување на урбана опрема се издава во период од максимум 30 дена со можност за повеќекратно продолжување, со ново одобрение за поставување на урбана опрема.

Б-1.2 За терасите пред угостителските објекти на западниот крак на улица Маршал Тито, максималната површина која може да ја зафаќаат терасите да биде ограничена со ширината на угостителскиот објект и длабочина до канавката за прифаќање на атмосферската вода од шеталиштето и плоштадот.

По исклучок од претходниот став на оваа точка, на западниот крак на улица „Маршал Тито", максималната површина која може да ја зафаќаат терасите да биде ограничена со ширина на угостителскиот објект.

Б-2 На градскиот плоштад се дозволува поставување на 1 (еден) покриен шанк.

Б-2.1 На просторот околу шанкот се довозлува поставување и на тераса со или без настрешници. Шанкот и придружната тераса да бидат сместени на платото пред споменикот на жртвите од земјотресот од 1931 година.

Б-2.2 Како затекната урбана опрема Одобрението за поставување на урбана опрема ќе се издаде на лицето кое е сопственик на постојната урбана опрема.

Б-3 На улицата Маршал Тито во с.Јосифово се дозволува поставување на тераси со или без настрешници на постоечките деловни објекти, а максималната површина која може да ја зафаќаат терасите да биде ограничена со ширината на угостителскиот објект и длабочина на целиот тротоар.

Б-4 На улица Маршал Тито на плоштад во село Пирава на КП 14718 и КП 15364/1 КО Пирава се дозволува поставување на урбана опрема тераси со и без настрешници, максималната површина која може да ја зафаќаат да биде ограничена со ширината на угостителскиот објект и длабочина од 3,5 м од објектот пред кој се поставува урбаната опрема.

Б-5 На електричните столбови и канделабри во сопственост на општина Валандово се дозволува поставување рекламни и информативни паноа со максимални димензии од 1,0 x 1,0 м.

Б-6 Постојаните рекламни паноа и билборди кои се легално поставени и кои со својот габарит не го попречуваат нормалното функционирање на сообраќајот се предвидуваат во ова програма. Нови рекламни паноа може да се предвидуваат за поставување по барање на странки со дополнување на ова програма преку Советот на Општина Валандово.

Б-7 На ЈП Комунален сервис и Општина Валандово им се дозволува поставување на нова и замена на оштенети или уништени автобуски постојки и урбана опрема (корпи за отпадоци, контејнери, клупи, жардинерии за цвеќиња, детски игралишта и слично), во градот Валандово и населените места од општината.

Б-8 На територијата на Општина Валандово на градежно изградено земјиште се дозволува поставување на лесни подвижни елементи на урбана опрема, со максимална големина до 16 $м^2$.

Б-9 на КП 2712/4 КО Валандово, се дозволува поставување на лесни подвижни елементи на урбана опрема.

Б-10 на КП 2881 КО Валандово, се дозволува поставување на тераса со или без настрешница, пред постоечкиот деловен објект, а максималната површина која може да ја зафаќа терасата да биде ограничена со ширина на деловниот објект и 3 метра од тротоар на деловниот објект.

В-11 на КП 2709 КО Валандово, се дозволува поставување на тераси со или без настрешници, пред постоечкиот деловен објект, максималната површина која може да ја зафаќа терасата да биде ограничена со ширина на деловниот објект до 3 метра од деловниот објект.

**В**. Со оваа програма се утврдува и рокот за поставување и отстранување на урбаната опрема.

В-1 Урбаната опрема од точка Б-1 до Б-4 и од точка Б-9 до Б-11 може да се поставува во интервалот помеѓу 01.01.2025 и 31.12.2025 година.

В-1.1 Урбаната опрема од точка Б-1.1 став 2 може да се поставува во интервалот помеѓу 01.01.2025 и 31.12.2025 година со рок на поставување од најмногу 30 дена со можност за повеќекратно

продолжување за 30 дена доколку во претходниот период нема поднесено барање за поставување на урбана опрема од деловните објекти од спротивната страна на улица Маршал Тито.

В-2 Поставувањето на урбаната опрема од точка Б-5 до Б-6 се предвидува на неопределено време. Општина Валандово го задржува правото за отстранување на урбаната опрема по истекот на една година од поставувањето.

В-3 Поставувањето на урбаната опрема од точка Б-8 може да се постави во временски интервал од една седмица, по претходно добиено одобрение.

**Г.** Со оваа опрема се предвидува и начинот на одобрение и потребната документација за добивање на одобрение за поставување на урбана опрема.

Г-1 За урбаната опрема од точка Б-1 до Б-4 и од точка Б-9 до Б-11, барателот кон барањето треба да приложи Основен проект за поставување на урбана опрема фаза архитектура и доказ за сопственост или договор за закуп заверен на Нотар за објектот пред кој ќе се постави урбаната опрема. Урбаната опрема се поставува по издавање на одобрението за поставување на урбана опрема, согласно Законот за градење. По издавањето на одобрението барателот е должен покрај урбаната опрема која служи за угостителски цели, на границата на терасата да се постави урбана опрема која јасно ќе ја означи границата на терасата (жардинерии за цвеќиња, монтажни павер елементи кои служат за ограничување и сл).

Г-1.1 За случаите од точка Б1.1 став 2, барателот е должен за секое продолжување до општина Валандово да доставува ново барање за поставување на убрана опрема.

Г-2 За урбаната опрема од точка Б-5, за несветлички рекламни паноа, не е потребна дополнителна документација. За светлечки рекламни паноа барателот кон барањето треба да приложи основен прокет фаза електрика изготвен согласно Законот за градење.

Г-3 За урбаната опрема од точка Б-6, за постојните рекламни паноа не е потребна дополнителна документација. За поставување на нови рекламни паноа барателот кон барањето треба да приложи основен прокет фаза архитектура и фаза статика, а за светлечки рекламни паноа и фаза електрика изготвен согласно Законот за градење.

Г-4 За урбаната опрема од точка Б-8, барателот е должен да достави барање за поставување на урбана опрема и приказ од планираната состојба на урбаната опрема.

Оваа Програма влегува во сила од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Валандово”, а ќе се применува од 01 јануари 2026 година.

Совет на Општина Валандово
Претседател
Марија Чурлинова